40523

## ВО ДОСЛУХ

**ТАЊА ЌУРЧИНСКА – ПЕПЕЉУГОВСКА,** директор на дистрибутерот „Манаки-филм“ и македонски застапник на „Ворнер“ и „Колумбија“ ја очекува официјалната реакција на нивните претставници во врска со филмскиот репертоар на македонските ТВ-куќи. Претставниците на овие два најголеми светски дистрибутери за време на својот предновогодишен престој во Македонија ја опсервирале целокупната филмска програма на МРТВ, А1ТВ, РТА и на уште неколку помали ТВ – станици од внатрешноста, и останале непријатно изненадени од „непропорционалниот“ однос меѓу свежината на насловите и регулираните права за телевизиско прикажување. Инаку, РМ од јули минатата година е потписничка на „Бернската конвенција за заштита на литературни и уметнички творби“ во која спаѓаат и филмските производи и ТВ програмите, а повредата на авторските права е предвидена и со закон како казниво дело, така што оштетата за ТВ-пиратирањето носителите на авторските права може да добијат со покренување кривична тужба...

ПАРИТЕ што Музејот на современата уметност – Скопје ги доби од Министерството за култура за откуп на дела, повторно ја актуелизира можноста за враќање (со купување, компензации и сл.) на делата од македонските мајстори на современата уметност, што сега се наоѓаат во колекциите на музеите во Србија (Белград, Нови Сад...), и во другите бивши ју-републики. Идејата за враќање на сликите од Личеноски, Мартиновски и другите автори од антологијата на македонската современа уметност е за почитување (не само поради староста), но нејзината реализација е повеќе од комплицирана работа. МСУ, дознаваме, веќе стапил во прелиминарни разговори, а исходот треба наскоро да биде познат...



ЉУБИША ГЕОРГИЕВСКИ е во преговори, кои многу веројатно дека ќе се реализираат, во Драмскиот театар да го поставува Бекет со неговиот „Чекајќи го Годо“. Интересно, сценската верзија на Георгиевски ќе означува праизведба на овој текст на македонската театарска сцена како проект во институционализираниот театар. Инаку, „Годо“ на овие театарски простори, во сценската верзија, првпат го видовме на МОТ во почетокот на осумдесеттите години во режија на Љубиша Ристиќ со Љуба Тадиќ...



9170